РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 04-3351/10
02.12 2020 год.

# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

Врз основа на чл.52 ст.1 од Законот за административни службеници службеници Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 14/20), Секретарот на Општина Крива Паланка на ден 02.12.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА ПРВОРАНГИРАН КАНДИДАТ

1. По интерниот оглас број 01/2020 година објавен на ден 20.11.2020 година за пополнување на работно место со унапредување – 2. **Соработник внатрешен ревизор** ниво В3, шифра УПР0101В03000 во одделението за внатрешна ревизија во Општина Крива Паланка 1(еден) извршител се избира :

**Раде Николовски - од Крива Паланка**

2.Именуваниот административен државен службеник ќе биде унапреден по завршување на постапката за избор, по конечноста на оваа Одлука.

3. Оваа одлука влегува на сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 20.11.2020 година истовремено на интернет страницата на Општина Крива Паланка и на Агенцијата за администрација е објавен интерен оглас број 01/2020 за пополнување на работно место со унапредување - 2. **Соработник внатрешен ревизор** ниво В3, шифра УПР0101В03000 во одделението за внатрешна ревизија во Општина Крива Паланка 1(еден) извршител.

Со Решение на Секретарот на Општина Крива Паланка број 04-3351/10 од 26.11.2020 година е формирана Комисија за селекција за унапредување.

На интерниот оглас за наведеното работно место во законски определениот рок се пријави кандидатот Раде Николовски од Крива Паланка со поднесување на пополнета пријава број 04-3351/8 од 23.11.2020 година и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на Општина Крива Паланка до Одделението за човечки ресурси, како и до службената електронска адреса на Општина Крива Паланка .

Од страна на одделението за човечки ресурси на Комисијата се предаде пријавата за унапредување со доставените докази, како и изводот од персоналното досие на пријавениот кандидат. Комисијата направи административна селекција со цел проверка дали кандидатот ги исполнува условите за унапредување и изврши бодирање на кандидатот кој ги исполнува условите за унапредување за што состави Записник од административна селекција за интерен оглас, број 04-3351/11 од 001.12.2020 година.

Од страна на Комисијата се спроведе интервију и се изготви записник бр.04-3351/12 од 01.12.2020 година. Комисијата состави допис број 04-3351/14 и до Секретарот ја достави финалната ранг листа на интервјуираните кандидати врз основа на бодовите од административната селекција, и бодовите од интервјуто и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат за работното место под реден број 2. Соработник внатрешен ревизор.

Секретарот на Општина Крива Паланка во рок од три дена по добивање на предлогот донесе одлука како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на приемот на писменото известување за извршениот избор.

Да се достави до
- избраниот кандидат
- одделение за човечки ресурси
- Агенција за администрација
- архива на општина Крива Паланка
- да се објави на интернет страна на Општината

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Секретар**
**Љубомир Младенов**